**ТТК Банка АД Скопје** објавува:

**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СЛЕДНОТО РАБОТНО МЕСТО**
**Раководител на експозитура во Скопје**
(1 извршител)

**Потребни квалификации и способности:**

- Високо стручно образование
- Познавање македонски јазик
- Познавање англиски јазик и работа со компјутер
- Познавање албански јазик ќе се смета за предност
- Стручност и познавање на деловните пракси во областа на банкарското работење
- Работно искуство во банка ќе се смета за предност
- Организациски способности
- Комуникациски и аналитички вештини
- Раководни способности (планирање, исполнување на поставените цели, идентификација и решавање проблеми, организација на работењето)
- Способност за извршување комплексни задачи со почитување на зададени временски рокови
- Самостојност во донесување одлуки

**Краток опис на работното место:**

- Координирање и организирање на работата во експозитурата
- Планирање, организирање и преземање активности во експозитурата поврзани со продажба на производи и услуги на клиенти
- Подготовка и разгледување предлози за одобрување на кредитните барања и достава на барања за кредитни производи или документарно работење
- Следење, контрола и организирање наплата по сите основи
- Активности на двојна контрола во дел од продажбата и сервисирањето на производите и услугите на клиенти
- Кредитно работење со правни и физички лица (кредити, кредитни картички, документарно работење)

**Работно време:**

40-часовно неделно работно време распоредено во рамките на работното време на експозитурата

**Останати информации:**

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови треба да испратат кратка биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, копија од уверение за завршено образование и други документи коишто ги сметаат за релевантни (препораки, потврди, сертификати) најдоцна до 21.7.2019 година, со назнака: „**Апликација за Раководител на експозитура во Скопје**“ на следната адреса за е-пошта: **kariera@ttk.com.mk**.

Ќе бидат контактирани кандидатите кои ќе влезат во потесен круг.

Рокот во кој ќе биде извршен изборот ќе биде 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, а во зависност од бројот на пријавените кандидати.